Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), членови 65-г став 3 и 65-д став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21) и точки 11 и 14 од Одлуката за методологијата за утврдување на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/21 и 149/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија и за изложености кон други земји во првото тримесечје од 2024 година

**(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.2/23)**

1. Се утврдува стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите во Република Северна Македонија во висина од 0,75%.

2. Се утврдува стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложеностите кон други земји во висина на стапките што се утврдени од страна на надлежните органи на другите земји и коишто се објавени на интернет-страницата на Народната банка на Република Северна Македонија.

3. Банките се должни да ја применат оваа одлука и да ги вклучат стапките од точките 1 и 2 од оваа одлука во пресметките за утврдувањето на специфичната стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот за првото тримесечје од 2024 година.

4. Од 1 август 2023 година до 30 септември 2023 година, во пресметките за утврдувањето на специфичната стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот се применува стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот во согласност со Одлуката за висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република Северна Македонија и за изложености кон други земји („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 175/22).

Од 1 октомври 2023 година до 31 декември 2023 година, во пресметките за утврдувањето на специфичната стапка на противцикличниот заштитен слој на капиталот се применуваат стапките на противцикличниот заштитен слој на капиталот во согласност со Одлуката за висината на стапката на противцикличниот заштитен слој на капиталот за изложености во Република

Северна Македонија и за изложености кон други земји („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/22).

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-15/XXII-2/2022**
**28 декември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**